Совет на Град Скопје
Këshilli i Qyetit të Shkupit

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" број 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на педесет и шестата седница одржана на 24 ноември 2015 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2016 ГОДИНА

## Член 1

Со оваа Програма, Градот Скопје ќе даде поддршка на локалниот економски развој, преку реализација на следните активности:

- Поддршка на проектни активности на Бизнис инкубаторите и Центрите за развој на иновации ;
- Организирање на Денот на претприемачот;
- Изработка на Стратешки план на Град Скопје, за периодот 2016-2018 година;
- Изработка на ВЕБ портал за промоција на инвестиции
- Учество на саеми и др.

## Член 2

Средствата за финансирање на Програмата за поддршка на локалниот економски развој, за 2016 година, се утврдуваат во износ од 2.921.000 денари (двамилионидеветстотинидвесетиеднаилјада денари) и се обезбедуваат од буџетот на Град Скопје.

## Член 3

Средствата од оваа Програма ќе се користат за :

1. Кофинансирање на трошоците за проектните активности на бизнис инкубаторите и центри за развој на иновации
- објавување на Јавен повик ........................................................... 300.000,00 ден

2. Организирање на Денот на претприемачот
-изнајмување на сала за одржување на настанот ............................... 300.000,00 ден

1000 Скопје, Илинден бр. 82
Република Македонија
тел: +389 02/ 3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden pn.82
Republika e Makedonisë
tel: 389 02/3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

3. Стратешки план на Град Скопје, за периодот 2016-2016 год. ............ 50.000,00 ден

4. Изработка на ВЕБ страна за промоција
на инвестиции ........................................................................ .............250.000,00 ден.

5. Учество на саеми………. ................................................................ 500.000,00 ден

6. Кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој
на Скопски плански регион ........................................................... 1.521.000,00 ден

**Вкупно: ........................................................................... 2.921.000,00ден.**

По потреба, во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата од една во друга позиција, за што ќе се информира Советот на Град Скопје.

**Член 4**

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 07 – 9736/1
24 ноември 2015 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
м-р Ирена Мишева Mr. Irena Misheva